Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 декември 2021 година**

**Скопје, декември 2021 година**

З А П И С Н И К
**од Сто дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 декември 2021 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата присуствуваа замениците на претседателот на Владата м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски и членот на Владата д-р Фатмир Бесими министер за финансии.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година

1. Годишна програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2022 година, со Предлог – одлука

2. Деловен и финансиски извештај за 2020 година на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно истражувачки активности Фондација ПЕКСИМ Скопје со статус на организација од јавен интерес

3. Деловен и финансиски извештај за 2020 година на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје со статус на организација од јавен интерес

4. Барање согласност за Листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во град Дебар

5. Информација за состојбата на книговодствена залиха на пченица и јачмен за периодот од 2007 до 2021 година која е складирана во силосите на ЈП Агро-Берза

6. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и-или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавно претпријатие за водостопанство – Лисиче, Велес)

7. Информација за реализација на кредитната линија од фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста - Ковид 4

8. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/ или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Централен регистар)

9. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (електронска и информатичка опрема)

10. Предлог-закон за изменување на законот за Царинската тарифа, по скратена постапка

11. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка

12. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Кореја, за соработка и взаемна административна помош за царински прашања

13. Информација за формирање на Фондот за развој во рамки на Развојната банка на Република Северна Македонија со Предлог одлука за одобрување на средства на Развојната банка за формирање на Фонд за развој

14. Информацијa за потребата од склучување на нов Договор за грант меѓу Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје и Европската банка за обнова и развој и Договор за обештетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за Проектот за изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка-источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2

15. Информација за субвенционирање на камата по кредити дадени од деловните банки на компании кои ја реинвестираат добивката за 2021 година со Предлог на одлука за распределба на средствата обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за субвенционирање на каматни стапки за поддршка на ликвидноста на деловни субјекти кои оствариле и ја реинвестирале добивката за 2021 година

16. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

17. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник

18. Информација во врска со барањето на Концесионерот „РДЛ СОУЛ” ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Орешка со реф.бр.308

19. Информација во врска со барањето на Концесионерот ДИС Енерџи ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Шталковска со реф. бр.364

20. Информација за превземени мерки и активности за спречување на понатамошен ископ на песок од коритата на река Вардар на потег од село Уланци до село Криволак

21. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во периодот од 23.3 до 13.7.2021 година

22. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди со вкупен извештај за штета во периодот од 14.07.2021 до 31.10.2021 година

23. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Акционерско друштво за промет на стоки Текстил со седиште на ул.Перо Наков бр.31, Гази Баба - Скопје, со Предлог-одлука

24. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Козарник Лазар Костадинов с. Љуботен Штип,со Предлог-одлука

25. Предлог-програма за измена на Програмата за водостопанство за 2021 година

26. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с.Вепрчани“, Општина Прилеп 9/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/21), со Предлог – одлука

27. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Краста“ с.Бешиште, Општина Прилеп

28. Информација во врска со Планот на реорганизација на должникот ИМПГ ДООЕЛ Скопје–во стечај, со Предлог-одлуки

29. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за определување највискои цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало

30. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот “Зла осојница” с.Блаце Општина Брвеница

31. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за изградба на автопат А2, делница Кичево – Охрид на минерална суровина – дијабаз на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот ,,Врбјани“, Општина Дебарца

32. Предлог-одлука за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел
33.Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година

34. Информација за потребата од набавка на дополнителни базни и мобилни станици за Дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство

35. Информација за регистрација на национална шема за електронска идентификација во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација.

36. Информација за одржан Седуманесетиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што се одржа на 18.5.2021 година преку видео врска

37. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Грузија во Република Северна Македонија со седиште во Штип

38. Предлог-одлука за давање согласност за именување почесен конзул на Грузија во Република Северна Македонија со седиште во Штип

39. Предлог-одлука за продажба на движни ствари-службени кучиња на Министерството за одбрана

40. Годишна програма за работата на Агенцијата за пошти за 2022 година

41. Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година

42. Барање за давање на автентично толкување на член 34 од Законот за локалната самоуправа, а во врска со член 46, став 1, алинеја 6 („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), поднесено од градоначалникот на Општина Карпош

43. Иницијатива поднесена од Бобан Богдановски - адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.86/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 став 3 од Законот за судските такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/09, 148/11, 106/13 и 166/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20)

44. Понуда од нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2211, за КО Бардовци, на КП бр. 1605, Викано место/улица СЕЛО

45. Понуда од нотар Јанко Милушев од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52261, за КО Струмица, на КП бр.5047, Викано место/улица ОХРИДСКА
46.Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1697, за КО Бардовци, на КП бр. 861, Викано место/улица БОЗИЛКИ

47. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 53378 за КО Карпош, на КП бр.3327, дел 1, Викано место/улица Прашка 10755

48. Кадровски прашања

49. Прашања и предлози

50. Информација за активностите на Министерство за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во период од 1 јули 2021 до 30 септември 2021 година

51. Информација со конкретни мерки за зголемување на функционалноста и ефикасноста на системот за заштита и спасување

52. Финансиски извештај на ЈП Колекторски систем за период 1 јули 2021 година – 30 септември 2021 година

53. Извештај за финасиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1 јули 2021 до 30 септември 2021 година

54. Полугодишен извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година

55. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавното претпријатие ,,Стрежево“ Битола

56. Барање согласност за Статут од ЈНУ Институт за македонски јазик Крсте Мисирков-Скопје

57. Информација за потребата од формирање на Координативно тело за следење и насочување на изработката на одделни фази на Просторниот план на Република Северна Македонија

58. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фармација " на Фармацевтски факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со Предлог-решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фармација " на Фармацевтски факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

59. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година

60.Договор за услови за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан

61. Договор за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан

62. Информација за изменување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води"и за изменување на Одлуката за утврдување на средствата за ангажирање на консултант согласно Финансискиот договор по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води, со предлог-одлуки

63. Информација за намера за номинирање претставник од Армијата на Република Северна Македонија за Раководител на Групата за планирање на високо ниво во Организацијата за безбедност и соработка во Европа – ОБСЕ, за период 2022 – 2023 година

64. Информација за набавка на вакцини против КОВИД–19 за 2022 година

65. Информација за моменталната состојба со снабдувањето на услуги за болничка кујна и болничка перална и потребата од итно решавање на статусот на постоечките договори - Договорот за деловно техничка соработка за перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш од страна на ДГПУТ Изградба-Комерц ДООЕЛ Скопје и Договорот за деловно техничка соработка за обезбедување и снабдување со исхрана на пациентите и персоналот од страна на ДУПТ ХАСАТ Скопје

66. Информација за добивање на согласност за доделување на движни ствари - патничко моторно возило и возач на лично располагање на времено користење на без надоместок на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

67. Информација за добивање согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Основото јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, по барање на Министерство за правда

68. Информација за промена на Информацијата заспроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на санитарии, подови, електрика и машинство во ООУ „Димката Ангелов - Габерот", Општина Кавадарци

69. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на кров (источно крило) на ОУ Св.Климент Охридкси-с.Миравци, Гевгелија

70. Информација за промена на Информацијатаза спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на санитарии, подови и греење во ООУ „Гоце Делчев“ с.Горобинци, Општина Свети Николе, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на санитарии, подови и греење во ООУ „Гоце Делчев“ с.Горобинци, Општина Свети Николе

71. Информација за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на училишен објект во ООУ „Мите Богоевски“, Општина Ресен

72. Информација за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на училишен објект во ООУ Карпош, с.Љубодраг, Општина Куманово

73. Информација за промена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција кров и громобранска инсталација во ООУ ,,Тоше Велков Пепето’’, Општина Кавадарци, како и услуги за вршење стручно-технички надзор при реконструкција кров и громобранска инсталација во ООУ ,,Тоше Велков Пепето’’, Општина Кавадарци

74. Информација за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на дел од објект (стар дел) во ПОУ ,,Лирија’’, с.Бузалково, Општина Велес

75. Информација за промена на Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба и надградба на училишен објект с.Долно Јаболчиште, Општина Чашка

76. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на објект во СОУ Ристе Ристевски Ричко, Општина Прилеп

77. Информација за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на фискултурна сала и просторија за физичко воспитување во ОСМУ "Д-р Јован Калаузи", Општина Битола, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на фискултурна сала и просторија за физичко воспитување во ОСМУ "Д-р Јован Калаузи", Општина Битола

78. Информација за измена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на училишен објект во Киро Спанџов-Брко, Општина Кавадарци, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на училишен објект во Киро Спанџов-Брко, Општина Кавадарци

79. Информација за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на санитарни јазли во ООУ „Ванчо Прке“ Општина Делчево

80. Информација за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на училишен објект во ПОУ Гоце Делчев, с.Горни Липовиќ, Општина Конче

81. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на нов училишен објект ПУ во с. Согле, Чашка

82. Информација за изведување на градежни работи за адаптација и пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова” во Дом за стари лица во Општина Пробиштип

83. Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, по скратена постапка

84. Информација за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на нов училишен објект во населба Визбегово, Општина Бутел

85. Информација за конституирање на Комитет за преговори и Преговарачкиот тим за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (Делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и коридорот 10 д (Делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија

86. Барање на Турхан Сердар Баџаксиз, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република на Република Северна Македонија

87. Информација со пропратна документација во врска со подготвителните активности од Втора фаза на конкурентен дијалог за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија

88. Барање на Мехмет Серхан Баџаксиз, за прием на државјанство во Република Северна Македонија согласно член 11 од Закон за државјанството на Република Северна Македонија

89. Барање на Сезаи Баџаксиз, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Закононот за државјанство на Република Северна Македонија

90. Информација во врска со барањето на Концесионерот Индиго Хидро Македонија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145

91. Информација за измена и дополнување на Одлуката за одобрување средства од Буџетот на Република Северна Македонија, од 30 јули 2021 година, со арх. бр. 40-8323/1 а која се однесува на финансиска поддршка на туристички агенции

92. Информација за измена и дополнување на Одлуката за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на: Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна; Останати услуги за подготвување и служење на храна; Подготовка и послужување на пијалаци

93. Информација за предвремена примена на Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија, од една страна, и Европската Унија, од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во програмата Еразмус+ Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија, од една страна, и Европската унија, од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во програмата Европски корпус на солидарност, Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија од една страна и Европската Унија, од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Креативна Европа 2021 – 2027, рамковна програма на Унијата за поддршка на културната разновидност и за зајакнување на конкуретноста на културните и креативните сектори и Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија, од една страна, и Европската Унија, од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во програмата на Унијата Хоризонт Европа-рамковната програма за истражување и иновации, со Образложение и Предлог-одлуки

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година**

Владата заклучи:

1. Го разгледа и прифати најновиот текст на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, подготвен согласно барањата за изменување на Законодавната агенда, и тоа:

- од Министерството за финансии:

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизи, рокот наместо ноември 2021, да биде март 2022 година;

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка, рокот наместо октомври 2021, да биде март 2022 година;

- Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот за воспоставување на интегриран информациски систем за управување со финансии (ИФМИС) и интегриран даночен информациски систем (ИТИС), рокот наместо ноември 2021, да биде април 2022 година;

- Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските под Договорот за заем за Проектот за изградба на магистрални гасоводи делница Гостивар - Кичево и делница Свети Николе – Велес, кој ќе се склучи помеѓу Европската банка за обнова и развој и АД НЕР, рокот наместо септември 2021 година, да биде септември 2022 година;

- Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 3 -делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија",рокот наместо ноември 2021 година, да биде јуни 2022 година;

- Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 3 - делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија", рокот наместо ноември 2021 година, да биде јуни 2022 година;

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, рокот наместо октомври 2021 година, да биде јануари 2022 година;

- Предлог-закон за академија за јавни финансии се повлекува согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство;

- Предлог-закон за платежни услуги и платни системи, рокот наместо август 2021 година, да биде јануари 2022 година;

- Предлог-закон за изменување на Закон за финансиска дисциплина, рокот наместо октомври 2021, да биде декември 2021 година;

- Предлог-закон за осигурување, рокот наместо октомври 2021 година, да биде јули 2022 година;

- Предлог-закон за ревизија, рокот наместо октомври 2021 година, да биде февруари 2022 година;

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиски друштва, рокот наместо ноември 2021 година, да биде декември 2021 година;

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари да се избрише, бидејќи. со донесување на Законот за платежни услуги и платни системи ќе престане да важи овој закон;

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, рокот наместо ноември 2021 година, да биде април 2022 година;

- Предлог-закон за банки, рокот наместо ноември 2021 година, да биде јуни 2022 година;

- Предлог-закон за закрепнување на банки со проблеми, рокот наместо ноември 2021 година, да биде јуни 2022 година.

- од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:

- Предлог-закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, рокот наместо 31.12.2021 година, да биде 31.12.2022 година.

Согласно овој заклучок, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2021-31.12.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2021-31.12.2021 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2022 година, со Предлог – одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2022 година.

**Точка 2**

Владата ги разгледа и ги усвои Деловниот и Финансискиот извештај за 2020 година на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно истражувачки активности Фондација ПЕКСИМ Скопје со статус на организација од јавен интерес.

**Точка 3**

Владата, го разгледа и го усвои Деловниот и Финансискиот извештај за 2020 година на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии „УМПАКИ“- Скопје, со статус на организација од јавен интерес.

**Точка 4**

Владата го разгледа Барањето согласност на Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во град Дебар, со Предлог - листа и даде согласност на Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во град Дебар.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на книговодствена залиха на пченица и јачмен за периодот од 2007 до 2021 година која е складирана во силосите на ЈП за берзанско работење Агро берза – Скопје и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Бирото за судски вештачења, врз основа на расположлива документација која што се води во Агенцијата за стоковни резерви и во ЈП за берзанско работење Агро берза – Скопје, за периодот од 2007 до 1.12.2021 година, да изготви стручен наод и мислење за количини на загубите во поглед на хемиските и физичките својства преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација на пченица и јачмен во сопственост на Агенцијата за стоковни резерви а складирани и чувани во силоси за Жито Прилеп, стопанисувани од страна на ЈП за берзанско работење Агро берза – Скопје, во рок од 15 дена, согласно заклучокот од координативната средба на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со ЈП за берзанско работење Агро берза – Скопје, Агенцијата за стоковни резерви и Бирото за судски вештачења.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на кредитната линија од фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста - Ковид 4 и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за финансии и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во соработка со Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје да ги прилагодат условите и критериумите за одобрување на кредит од кредитната линија од фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста-Ковид 4 кон потребите на потенцијалните кредитокорисници и за истото да ја информираат Владата.

**Точка 8**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/ или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (електронска и информатичка опрема), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за Царинската тарифа и го утврди како Предлог-закон за изменување на Законот за Царинската тарифа, кој се донесува по скратена постапка, со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се дополни со 21 тарифна ознака, согласно Мислењето на Министерството за економија.

2. Министерството за финансии да изврши правно-техничко и редакциско подобрување на текстот на Предлогот на закон во соработка со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, предлагачот да преоцени дали Предлогот на закон е предмет на усогласување со правото на Европската Унија и доколку е, да се достават до Владата потребните документи, согласно укажувањата во Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за Царинската тарифа, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Кореја, за соработка и взаемна административна помош за царински прашања, со Нацрт – текст на Спогодба и го усвои Предлогот со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот Нацрт - текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Кореја, за соработка и взаемна административна помош за царински прашања, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Кореја, за соработка и взаемна административна помош за камински прашања.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија, да го парафира текстот на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Кореја за соработка и взаемна административна помош за царинските прашања, согласно утврдените насоки во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори на Спогодбата, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, по завршените преговори во рок од 30 дена, до Владата да поднесе писмен извештај за извршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Спогодбата.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на нов договор за грант меѓу Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје и Европската банка за обнова и развој и Договор за обесштетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за Проектот за изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2, со усогласен текст на договори и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант за Железнички Коридор VIII - Фаза 2 во врска со инвестициски грант од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан меѓу Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје и Европската банка за обнова и развој.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот за обесштетување од страна на државата (Проект за изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII - Фаза 2) меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој.

3. Се овластува д-р Хари Локвенец, директор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје, да го потпише Договорот за грант за Железнички Коридор VIII - Фаза 2 во врска со инвестициски грант од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан меѓу Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје и Европската банка за обнова и развој.

4. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише Договорот за обештетување од страна на државата (Проект за изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII - Фаза 2) меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за субвенционирање на камата по кредити дадени од деловните банки на компании кои ја реинвестираат добивката за 2021 година, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за распределба на средствата обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за субвенционирање на каматни стапки за поддршка на ликвидноста на деловни субјекти кои оствариле и ја реинвестирале добивката за 2021 година, во предложениот текст.

2. Го овласти Министерството за финансии да склучи договор за субвенционирање на камата по кредити дадени од деловните банки на компании кои ја реинвестираат добивката со Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.

3. Го овласти д-р Фатмир Бесими, министер за финансии во името на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за субвенционирање на камата по кредити дадени од деловните банки на компании кои ја реинвестираат добивката.

## Точка 16

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Барањето на концесионерот „РДЛ СОУЛ" ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308 и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс бр.3 кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Орешка со реф. бр. 308, бр.11-4176/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 1.9.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „РДЛ СОУЛ" ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Орешка со реф. бр. 308, најмалку до 1.11.2022 година.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот ДИС Енерџи ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Шталковска со реф. бр. 364, ја усвои и заклучи:

1.Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да го склучи Анекс бр. 2 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Шталковска со реф.бр.364, бр. 11-2435/1 од 11.4.2018 година за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 11.5.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот ДИС Енергија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Шталковска со реф.бр.364 најмалку до 11.7.2022 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за превземени мерки и активности за спречување на понатамошен ископ на песок од коритата на река Вардар на потег од село Уланци до село Криволак, како материјал за информирање.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во периодот од 23.3 до 13.7.2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Одлучи да обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија за општините кои имаат доставено комплетна документација и тоа:

1.1. На Општина Росоман во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 44.795 илјади денари;

1.2. На Општина Демир Капија во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 13.632 илјади денари;

1.3. На Општина Демир Хисар во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 3.040 илјади денари;

1.4. На Општина Валандово во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 6.684 илјади денари;

1.5. На Општина Кочани во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 27.649 илјади денари;

1.6. На Општина Свети Николе во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 1.997 илјади денари;

1.7. На Општина Кочани во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 27.024 илјади денари;

1.8. На Општина Свети Николе во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 762 илјади денари.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветни предлог - одлуки за парична помош од Буџетот, согласно заклучокот од точка 1.

3. Се укажува на општините Росоман, Демир Капија, Демир Хисар, Валандово, Кочани и Свети Николе, пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да достават детален извештај за распределените средства за настаната штета до Владата.

4. Одлучи да обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија за Општина Градско во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 10.146 илјади денари.

5. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог-одлука за парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија за Општина Градско, согласно заклучокот од точка 4.

6. Се укажува на Општина Градско, пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распредели средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да достави детален извештај за распределените средства за настаната штета до Владата.

7. Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да продолжи со процедурата за проценка и утврдување на штетата по предметите од општините Чашка, Ранковце, Кичево, Прилеп, Ресен, Струмица, Конче и Пробиштип по пристигната коригирана документација, и за истото да ја информира Владата по комплетирање на документацијата, при што да го има предвид рокот за постапување по овие предмети согласно член 146 од Законот за заштита и спасување, а кој изнесува 120 дена и кој истекува на 22.7.2021 година.

8. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината за штетата од елементарни непогоди да ги информира општините Македонски Брод, Карпош, Битола и Делчево, за неможноста за постапување по тие предмети, поради надминати законски рокови согласно Законот за заштита и спасување.

9. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да го информира Здружението на рибопроизводители на Македонија Аквафортис за немањето законска можност за постапување на Комисијата по предметот кој го имаат доставено.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди со вкупен извештај за штета во периодот од 14.7.2021 до 31.10.2021 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Одлучи да обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија за општините кои имаат доставено комплетна документација и тоа:

1.1. На Општина Пробиштип во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 353 иљади денари;

1.2. На Општина Ранковце во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 237 иљади денари;

1.3. На Општина Конче во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 4.617 иљади денари;

1.4. На Општина Струмица во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 65.609 иљади денари;

1.5. На Општина Кичево во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 336 иљади денари;

1.6. На Општина Валандово во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 177.246 иљади денари;

1.7. На Општина Кочани во висина од 20% од вкупно проценетата штета од 68 иљади денари.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветни предлог - одлуки за парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно заклучокот од точка 1.

3. Се укажува на општините Пробиштип, Ранковце, Конче, Струмица, Кичево, Валандово и Кочани, пропорционално со процентот одреден од Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да достават детален извештај за распределените средства за настаната штета до Владата.

4. Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да продолжи со процедурата за проценка и утврдување на штетата по предметите од општините Велес, Росоман, Старо Нагоричане, Карбинци, Кавадарци, Босилово и Богданци по пристигната коригирана документација и за истото да ја информира Владата по комплетирање на документацијата, при што да го има предвид рокот за постапување по овие предмети, согласно член 146 од Законот за заштита и спасување, а кој изнесува 120 дена.

5. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината за штетата од елементарни непогоди да ја информира Општина Чашка, за неможноста за постапување по предметот, поради некомплетна документација и истечени законски рокови согласно Законот за заштита и спасување.

**Точка 23**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Акционерско друштво за промет на стоки ТЕКСТИЛ со седиште на ул. Перо Наков бр.31, Гази Баба – Скопје, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на Информацијата и Предлог-одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Овој материјал претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 24**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец КОЗАРНИК, Лазар Костадинов, село Љуботен Штип, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за водостопанство за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „село Вепрчани“, Општина Прилеп 9/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/21), со Предлог – одлука, не ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерската документација за спроведување на постапката за локалитетот „Краста“ с.Бешиште, Општина Прилеп, ја усвои Информацијата и го одобри новиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Бешиште Општина Прилеп.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Планот на реорганизација на должникот ИМПГ ДООЕЛ Скопје – во стечај, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и како концедент ги донесе:

1. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот од Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги Италиан мацедониан повер генератион ДОО Скопје на Конзорциумот составен

од друштвата Минт-инженеринг ДООЕЛ с. Батинци, Алфа инженеринг ДООЕЛ увоз - извоз Скопје и Пескара вел ДООЕЛ експорт- импорт Велес, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност за пренос на концесијата доделена со Одлуката за избор на прворангираниот кандидат за најповолен понудувач по јавниот повик за прибирање на понуди за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од 32 мали хидроелектрични централи по моделот проектирање, изградба, оперирање и пренос на сливовите на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим во постапка со отворен повик, со број 51-5979/14 од 12.10.2020 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за давање на согласност за пренос на концесијата доделена со Одлуката за избор на прворангираниот кандидат за најповолен понудувач по јавниот повик за прибирање на понуди за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од 32 мали хидроелектрични централи по моделот проектирање, изградба, оперирање и пренос на сливовите на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим во постапка со отворен повик, со број 51-5979/15 од 12.10.2020 година, во предложениот текст.

4. Одлуката за давање на согласност за пренос на концесијата доделена со Одлуката за избор на прворангираниот кандидат за најповолен понудувач по јавниот повик за прибирање на понуди за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од 32 мали хидроелектрични централи по моделот проектирање, изградба, оперирање и пренос на сливовите на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим во постапка со отворен повик, со број 51-5979/16 од 12.10.2020 година, во предложениот текст и

5. Одлуката за давање на согласност за пренос на концесијата доделена со Одлуката за избор на прворангираниот кандидат за најповолен понудувач по јавниот повик за прибирање на понуди за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од 32 мали хидроелектрични централи по моделот проектирање, изградба, оперирање и пренос на сливовите на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим во постапка со отворен повик, со број 51-5979/17 од 12.10.2020 година, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за дополнување на Одлуката за определување највисоки цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за еднострана раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Зла осојница“ с.Блаце Општина Брвеница, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за изградба на автопат А2, делница Кичево – Охрид на минерална суровина – дијабаз на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот ,,Врбјани“, Општина Дебарца, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V - заштитен предел (најнов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата во мислењата на Операторот на електропреносниот систем на Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО), Агенцијата за планирање на просторот и Управата за заштита на културното наследство.

**Точка 33**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од набавка на дополнителни базни и мобилни станици за дипломатско - конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за регистрација на национална шема за електронска идентификација во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја преведе веб страницата https://trusteid.mioa.gov.mk на англиски јазик до 31.12.2021 година.

2.Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да изготви Листа на даватели на квалификувани доверливи услуги и на квалификувани доверливи услуги во машински читлив формат до 31.12.2021 година.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација до Министерството за внатрешни работи да достави список со конкретни барања потребни за нотификација на шеми за електронска идентификација кои произлегуваат од Регулативата eIDAS 910/2014, со анализа кои постојни шеми за електронска идентификација во Европската Унија ги задоволуваат овие барања до 31.12.2021 година.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 10 дена, при изработка на физибилити студијата за нотифицирана еИД национална шема, да ја вклучи Работната група формирана во Министерството за внатрешни работи за изработка на план за воспоставување на Национална електронска идентификација за сите граѓани на лична карта.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во рок од седум дена, во рамки на Меморандумот за соработка со Естонскиот центар за меѓународен развој, да побара

помош за развивање на кориснички средини за користење електронска идентификација и доверливи услуги.

6. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да воспостави национален eIDAS јазол, во согласност со барањата од имплементацискиот акт на ЕУ 2015/1501 за рамка за интероперабилност до 31.10.2022 година.

7. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 10 дена на поддоменот trusteid.mioa.gov.mk да ги објави преводите на подзаконските акти од Законот за електронски документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

## Точка 36

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за одржан Седумнаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што се одржа на 18.5.2021 година преку видео врска и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го достави до Владата, Предлогот на закон за директните плаќања и државната помош во земјоделството, најдоцна до 30.6.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го достави до Владата, Предлогот на закон за заедничко уредување на пазарите, усогласен со ЕУ законодавството, најдоцна до 30.9.2022 година.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го достави до Владата, Предлогот на закон за нус-производи од животинско потекло, најдоцна до 31.12.2021 година.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да предвиди финансиски стимулации за подобрување на квалитетот на млекото, најдоцна до 31.12.2021 година.

5. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го усвои Националниот акциски план за интегрирана заштита на растенијата, најдоцна до 31.12.2021 година.

6. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа да подготви и усвои Систем за обука на професионални корисници, советници и дистрибутери на средства за заштита на растенијата, најдоцна до 31.12.2021 година.

7. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да воспостави Систем за сертифицирање на опремата која се користи при работа со средства за заштита на растенијата, најдоцна до 31.12.2021 година.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отворање Почесен конзулат на Грузија во Република Северна Македонија со седиште во Штип, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Грузија во Република Северна Македонија со седиште во Штип, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2022 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 12 од Законот за поштенските услуги, Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за наредната година се доставува до Собранието на Република Северна Македонија и истата содржи програма за работа за наредната година, финансиски план за наредната година и одлука за вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

Во Финансискиот план на Агенцијата за 2022 година, приходите и расходите на Агенцијата се планирани во вкупен износ од 37.300.000 денари и истите во однос на планираните во 2021 година се зголемени за 13,03%.

Во рамките на планираните приходи, сопствените приходи - приходите од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги се планирани на повисоко ниво од 2021 година, односно во однос на 2021 година се зголемени за 8,33%.

Согласно прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2022 година, одредени расходи се планирани на исто или пониско ниво во однос на планираното во 2021 година, а одредени расходи се планирани на повисок износ во однос на планираниот за 2021 година и тоа: потрошена енергија, членарини, средства за опрема и вкалкулирани плати. Притоа е дадено образложение за причините за планираното зголемување на горенаведените расходи.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2022 година и имајќи ги предвид определбите на Владата на Република Северна Македонија за намалување на непродуктивните расходи во јавниот сектор, да се разгледа можноста за преиспитување на зголемувањето на расходите за вкалкулирани плати.

**Точка 41**

Владата на Република Северна Македонија, ја разгледа Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 109 став (1) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20), Агенцијата е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави годишна програма за работа и развој за наредната година и годишен извештај за работата за претходната година.

Според став (2) од овој член, годишната програма за работа и развој на Агенцијата за наредната година Управниот одбор ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија до 30 ноември во тековната година, а Собранието на Република Северна Македонија ја одобрува најдоцна до 31 декември истата година.

Согласно став (3) од истиот член, годишната програма за работа и развој од ставот (2) на овој член содржи: програма за работа за наредната година и финансиски план за наредната година.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година, од формално-правен аспект укажуваме на следното:

1. Насловот на Предлог-одлуката ќе треба да се преработи во смисла дека се работи за Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година, а не за 2021 година, со оглед дека во прилог на предметниот допис е доставена Годишна програма за работа и развој на железничкиот сектор за 2022 година.

2. Текстот на Предлог-одлуката има потреба од правно – техничко и редакциско подобрување.

3. Воедно се укажува дека во прилог на Предлог – одлуката треба да се достави и образложение.

Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по однос на материјалот, со горенаведените укажувања.

**Точка 42**

Владата, го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 34, а во врска со член 46, став 1, алинеја 6 од Законот за локалната самоуправа, („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), поднесено од градоначалникот на Општина Карпош и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска се темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и закон.
Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Локалната самоуправа како темелна вредност на уставниот поредок е уредена во Главата V од Уставот на Република Северна Македонија. Согласно членот 114, став (1) на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа.

Согласно членот 115, став (1), од Уставот, АМАНДМАН XVII во единиците на локалната самоуправа, граѓаните непосредно и преку претставници, учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон. Во ставот (2) од овој член е утврдено дека општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со Закон, а надзорот над законитоста на нејзината работа го врши Републиката.

Законот за локалната самоуправа, како системски закон, го уредува остварувањето на правото на граѓаните на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината (Советот и градоначалникот), избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со законот со кој се регулираат локалните избори.

Согласно членот 31 од овој закон „Органи на општината се: Советот и градоначалникот.“. „Советот е претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на општината.“, согласно членот 32 од Законот.

Во членот 34 од Законот е утврден бројот на членови на советот во зависност од бројот на жителите во општината и тој број не може да биде помал од девет ниту поголем од 33 члена.

Согласно членот 41 ставови (1) и (2) од Законот, советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и со статутот поинаку не е определено.

Според членот 46 став (1), на членот на советот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран:
- ако поднесе оставка;
- во случај на смрт;
- ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над шест месеци;
- ако настапи случај на неспојливост со функцијата член на советот согласно со Законот за локалните избори;
- ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност и
- ако престане да биде жител на општината.

(2) Советот, на првата наредна седница, ќе ја констатира причината и денот на престанување на мандатот на членот на советот, и тоа:
- во случаите од ставот (1) алинеја 1, од денот на одржувањето на седницата и
- во случаите од ставот (1) алинеи 2, 3, 4, 5 и 6, со денот на исполнувањето на условот.

(3) На членот на советот може да му биде одземен мандатот ако неоправдано отсуствува од три седници на советот по ред.

(4) За оправданоста на отсуството од ставот (3) на овој член одлучува советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

Согласно членот 62 од Законот за локалната самоуправа „Во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон. Прописите се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот, доколку поинаку не е определено со овој или друг закон.

Изборниот законик во членот 7 став 4 утврдува дека покрај условите утврдени во ставот (2) на овој член, кандидат за член на совет и градоначалник може да биде граѓанин со постојано живеалиште во општината и градот Скопје каде што се врши изборот.

Согласно членот 155 од Изборниот законик ако на член на советот му престане или му биде одземен мандатот поради една од причините утврдени во Законот за локалната самоуправа и овој законик, тогаш член на советот за остатокот од мандатот станува наредниот кандидат од листата.

Законот за лична карта („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/95, 38/02, 16/04, 12/05, 19/07, 10/10, 51/11, 13/12, 154/15 и 55/16), во членот 8 утврдува законска обврска на секој граѓанин кој ќе го промени живеалиштето, во рок од 30 дена да поднесе барање за замена на личната карта со нова.

Имајќи ги предвид наведените законски одредби, јасно произлегува дека за да едно лице биде член на совет, тоа лице задолжително мора да биде жител на општината, во чијшто совет, тоа лице е член. Доколку тоа лице, како член на совет, престане да биде жител на таа општина, тогаш неговиот мандат му престанува по сила на закон. При настапување на овој случај, советот само ја констатира причината и денот на престанување на мандатот на членот на советот, којшто ден согласно Законот е утврден денот кога настапил условот за престанок на мандатот на членот на советот во членот 46 од Законот за локалната самоуправа. Во тој случај, констатирањето на престанок на мандатот на членот на совет, од страна на советот е неопходно за да може за остатокот на мандатот за член на совет да стане наредниот кандидат на листата.

Врз основа на горенаведеното, а со оглед дека членот 34 од Законот за локалната самоуправа е јасен и недвосмислен, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го отфрли како неоправдано Барањето за автентично толкување на член 34, а во врска со член 46, став 1, алинеја 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), поднесено од градоначалникот на Општина Карпош.

<u>**Точка 43**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Бобан Богдановски - адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.86/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 став 3 од Законот за судските такси („Службен весник на Република Македонија" бр.114/09, 148/11, 106/13 и 166/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/20) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 6 став 3 од Законот за судски такси (,,Службен весник на Република Македонија'' бр.114/09, 148/11, 106/13, 166/14 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 257/20), од причина што подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба е спротивна на Уставот на

Република Северна Македонија бидејќи не е во согласност со членот 33 од Законот за стечај со кој се уредуваат овластувањата и должностите на стечајниот управник, а според која стечајниот управник не носел решенија во стечајната постапка.

Според подносителот поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот, како и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите. По однос на наведеното, се укажува дека со оспорената одредба не се врши повреда на темелните вредности бидејќи со истата не се загрозуваат признаените слободи и права, ниту пак се повредува системот на владеење на правото.

Истовремено, се укажува дека Уставниот суд согласно членот 110 од Уставот на Република Северна Македонија одлучува за согласност на законите со Уставот и на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите но не е надлежен да ја цени меѓусебна усогласеност на законите.

Имајќи предвид дека оспорената одредба од Законот за судски такси е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 6 став 3 од Законот за судски такси (,,Службен весник на Република Македонија'' бр.114/09, 148/11, 106/13, 166/14 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 257/20).

**Точка 44**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје за продажба на недвижен имот запишани во Имотен лист бр.2211 за КО Бардовци, КП бр.1605, викано место/улица СЕЛО и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јанко Милушев од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52261, за КО Струмица, на КП бр. 5047, Викано место/улица Охридска и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1697, за КО Бардовци, на КП бр.681, викано место/улица Бозилки и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења од Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 53378, за КО Карпош, КП бр.3327, дел 1, викано место/улица Прашка и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 48**

Владата за членови на Комисијата за разгледување на пријавите доставени од кандидати по огласот за именување на еден член на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, ги именува:

- академик Глигор Каневче,
- д-р Александар Дединец,
- Виктор Андонов,
- Славе Ивановски и
- Исмаиљ Љума.

**Точка 49**

**1.** Владата ги задолжи сите министерства и буџетски корисници, јавни претпријатија основани од државата, агенции, фондови и акционерски друштва во државна сопственост, согласно Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2022 година, во редовна владина постапка веднаш да ги доставаат предлог – програмите (финансиски планови, инвестициони програми, програми за работа, со пополнети табеларни параметри согласно урнеците за финансиско информирање од претходните години) за користење на средства за 2022 година кои произлегуваат од Буџетот и од другите материјални закони, со цел истите да се разгледаат на тематска седница на Генералниот колегиум на државни секретари и на седници на работните тела на Владата.

За оваа цел, сите предлог – програми за работа за 2022 година, финансиски планови, инвестициони програми и слично, претходно да бидат усвоени и/или одобрени од органите на управување во надлежните институции и доставени на мислење до Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како и до другите ресорно надлежни институции, со цел навремено усогласување на истите и нивно доставување до Владата, најдоцна до 20 декември 2021 година.

**2.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето за финансиски средства за реализација на проектни активности на НУ Музеј на албанската азбука за наредна седница на Владата, поради потребата д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа да одржат работен состанок на кој да присуствуваат и претставници од НУ Музеј на албанската азбука со цел изнаоѓање соодветно решение за надминување на ова прашање.

**3.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии во врска со вчитување на Одлуката за прераспределба на средства од буџетот на Општина Центар за 2021 година и по Барањето го задолжи Министерството за финансии да ја реализира Одлуката за прераспределба на средства од буџетот на Општина Центар за 2021 година бр.21-6191/1 од 3.12.2021 година.

**4.** Владата ја разгледа Предлог – одлуката за реализација на мерки за обезбедување на дополнителни количини на електрична енергија и притоа заклучи условно да ја донесе истата поради потребата текстот на Одлуката да се усогласи со Министерството за финансии, како и со Секретаријатот за законодавство (доколку има потреба од носење на одлука).

**5.** Владата го разгледа Известувањето за проблемите со кои се соочуваат вработените во Државниот завод за индустриска сопственост и го овласти заменикот на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост Блерим Идризи, за овластен потписник за плати и други исплати, заради непречено функционирање на Заводот.

**6.** Владата заклучи:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за стручната и професионалната поддршка која членовите и учесниците во работата на Оперативната група ја даваат на Комисијата за стратешки инвестициони проекти, да исплаќа еднократен надомест во висина од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во последниот месец пред исплатата за секоја активна апликација за стратешки инвестиционен проект.

2) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Секретаријат за мониторинг и поддршка на институциите при реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и на стратешките проекти листите и податоците за членовите и учесниците во работата на Оперативната група на Комисијата за секој поединечен стратешки инвестиционен проект да ги доставува до Генералниот секретаријат на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето насоки во однос на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост за наредната Седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување/координација помеѓу Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи и Министерството за транспорт и врски по ова прашање.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија, за период од 30 ноември 2021 година до 6 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за користење на услугите на воздухопловна навигација, во предложениот текст.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за

период од 4 декември 2021 година до 10 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 2 декември 2021 година до 8 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**12.**

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми, во периодот од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата со конкретни мерки за зголемување на функционалноста и ефикасноста на системот за заштита и спасување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето на Министерството за финансии во насока средствата да се обезбедат во рамки одобрените буџети на ресорните институции.

**Точка 52**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, за период 1 јули 2021 година - 30 септември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година, како материјал за информирање.

Исто така, предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со укажување Друштвото да ги преземе сите неопходни мерки за наплата на своите побарувања и навремено сервисирање на обврските.

**Точка 54**

Владата го разгледа новиот текст на Полугодишниот извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот во 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавното претпријатие ,,Стрежево" Битола, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се укажува на Јавното претпријатие ,,Стрежево" Битола да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавното претпријатие ,,Стрежево" Битола и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2.Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од седум дена да потпише договор за донација на материјали и опрема со Јавното претпријатие ,,Стрежево" Битола во вредност од 68.722.000 денари.

**Точка 56**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето согласност за Статут од ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" - Скопје, со Предлог – одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 57**

Владата повторно го разгледа Предлог - решението за именување на претседател, заменик претседател, членови и нивни заменици на Координативното тело за координирање и следење на изработката на Просторниот план на Република Северна Македонија и го донесе Решението со заклучок во член 1 од истото да се избришат зборовите „Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство".

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фармација " на Фармацевтски факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со Предлог-решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фармација " на Фармацевтски факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фармација " на Фармацевтски факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за Договор за услови за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан (Agreement on interconnection of schemes for electronic identification of the citizens of the Western Balkans).

2. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, во име на Владата на Република Северна Македонија, ќе го потпише Договорот за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан (Agreement on interconnection of schemes for electronic identification of the citizens of the Western Balkans).

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договор за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан (Agreement on conditions for free access to the labour market in the western Balkans).

2. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев ќе го потпише Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан (Agreement on conditions for free access to the labour market in the western Balkans).

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за распределба на средства, согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ и за изменување на Одлуката за утврдување на средствата за ангажирање на консултант согласно Финансискиот договор по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на средствата за ангажирање на консултант согласно Финансискиот договор по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, во предложениот текст.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да склучи Анекс на Договорот за консултантски услуги.

4. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и врски да отпочне постапка за продолжување на рокот за повлекување на средства од Европската инвестициона банка за 12 месеци, односно крајниот рок на достапност на средствата од заем да биде 30.6.2023 година.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за намера за номинирање претставник од Армијата на Република Северна Македонија за Раководител на Групата за планирање на високо ниво во Организацијата за безбедност и соработка во  Европа – ОБСЕ, за период 2022 – 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на вакцини против КОВИД-19 за 2022 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се утврди потребата од набавка на 500.000 дози на мРНА (мРНК) вакцините од производителот Фајзер (Pfizer), во кои треба да се засметаат и педијатриските дози (во количина од 1% од вкупниот број деца во Република Северна Македонија на возраст од 5 до 12 години, односно околу 10.000 дози), при што дозите за возрасните да почнат да се испорачуваат од мај, а педијатриските дози во првото тромесечје на 2022 година, двете заклучно до декември 2022 година.

2. Се утврди дека Анексот на Договорот за набавка Дов.бр. 17-11/2 од 1 април 2021 година на мРНА (мРНК) вакцините од производителот Фајзер (Pfizer) ќе се склучи без да се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки согласно член 19 став (1) точка ѓ) од Законот за јавните набавки со оглед на тоа дека доделувањето и извршувањето на Договорот за набавка на мРНА (мРНК) вакцините со производителот Фајзер (Pfizer) ќе се класифицира со безбедносна класификација согласно со прописите за заштита на класифицирани информации имајќи ги предвид од една страна, основните интереси на државата за набавка на вакцини против Ковид-19 во најкус можен рок заради заштита на јавното здравје и рестартирање на економијата како јавен интерес и од друга страна, глобалната политика на производителот Фајзер (Pfizer) договорот и цената да бидат доверливи.

3. Се задолжува Министерството за здравство да го извести производителот Фајзер (Pfizer) дека Анексот на Договорот за набавка Дов.бр. 17-11/2 од 1 април 2021 година на мРНА (мРНК) вакцините што треба да се склучи помеѓу Владата на Република Северна Македонија и производителот Фајзер (Pfizer) ќе се склучи согласно член 19 став (2) точка ѓ) од Законот за јавните набавки без да се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки со оглед на тоа дека доделувањето и извршувањето на Договорот за набавка на мРНА (мРНК) вакцините со производителот Фајзер (Pfizer) ќе се класифицира со безбедносна класификација согласно со прописите за заштита на класифицирани информации поради остварување на основните интереси на државата за набавка на вакцини против Ковид-19 во најкус можен рок со цел заштита на јавното здравје и рестартирање на економијата како јавен интерес од една страна, како и заради барањето на производителот Фајзер (Pfizer) да се почитува и прифати нивната глобална политика договорот за набавка на нивните вакцини и цената на вакцините да бидат доверливи од друга страна.

4. Се задолжува Министерството за здравство веднаш по добивањето на Анексот на Договорот за набавка Дов.бр. 17-11/2 од 1 април 2021 година на мРНА (мРНК) вакцините со производителот Фајзер (Pfizer) да го достави до Владата на затворена седница заради негово разгледување и прифаќање.

Се овластува министерот за здравство да го склучи Анексот на Договорот за набавка Дов.бр. 17-11/2 од 1 април 2021 година на мРНА (мРНК) вакцините со производителот Фајзер (Pfizer) од име на Владата на Република Северна Македонија откако Анексот на Договорот ќе биде разгледан и прифатен на затворена седница од Владата на Република Северна Македонија и да ја исплати вкупната цена на вакцините од Буџетот на Министерството за здравство.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за моменталната состојба со снабдувањето на услуги за болничка кујна и болничка перална и потребата од итно решавање на статусот на постоечките договори - Договорот за деловно техничка соработка за перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш од страна на ДГПУТ Изградба-комерц ДООЕЛ Скопје и Договорот за деловно техничка соработка за обезбедување и снабдување со исхрана на пациентите и персоналот од страна на ДУПТ ХАСАТ Скопје, ја усвои и ги задолжи Министерството за здравство како договорна страна на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр. 17-461/39 од 17.12.2019 година, во заедничка соработка со приватниот партнер - Група на економски оператори составена од Евита ШПК (лидер на групата), Делта ПХарма – АЛ Шпк и Сервици Италија С.п.А, и Друштво за услуги Скопстер ДОО Скопје, со седиште на ул. Македонија, бр. 10/3, да изготват и изработат економско-финансиска анализа, која треба да ја оправда законската изводливост за дополнување на постоечката дејност која ја врши приватниот партнер со снабдување на услуги за болничка кујна и перална и тоа врз основа на склучување на Анекс кон постоечкиот договор во согласност со Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 153/19 и 261/19).

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на движна ствар – патничко моторно возило и возач на лично располагање на времено користење без надомест на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на времено користење на движна ствар на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и крупција, по барање на Министерството за правда со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата за промена на Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на санитарии, подови, електрика и машинство во ООУ „Димката Ангелов-Габерот“, Општина Кавадарци и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за изведување на градежни работи за реконструкција на санитарии, подови, електрика и машинство во ООУ „Димката Ангелов-Габерот“, Општина Кавадарци во вкупна вредност од 7.203.389,00 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност од 144.067,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- За изградба 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година и

- За изградба 7.193.389.83 денари без ДДВ и за стручен надзор 142.067,00 денари без ДДВ во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на кров (источно крило) на ОУ Св. Климент Охридски - с.Миравци, Гевгелија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за набавка/изградба на реконструкција на кров (источно крило) на ОУ Св. Климент Охридски - с.Миравци, Гевгелија во вкупна вредност од 1.332.425,00 денари без ДДВ и за надзор 28.789,49 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- За изградба 10.000,00 денари без ДДВ и за надзор 2.000,00 денари, без ДДВ во 2021 година и

- За изградба 1.322.425,00 денари без ДДВ и за надзор 26.789,49 денари, без ДДВ во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 70

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на санитарии, подови и греење во ООУ „Гоце Делчев“ село Горобинци, Општина Свети Николе, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на санитарии, подови и греење во ООУ „Гоце Делчев“ село Горобинци, Општина Свети Николе и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за реконструкција на санитарии, подови и греење во ООУ „Гоце Делчев“ село Горобинци, Општина Свети Николе во вкупна вредност од 4.576.271,19 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност од 66.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за изградба 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година и

- за изградба 4.566.271,19 денари без ДДВ и за стручен надзор 64.000,00 денари без ДДВ во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на училишен објект во ООУ „Мите Богоевски“, Општина Ресен, и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за превземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за набавка/изградба на Реконструкција на училишен објект во ООУ „Мите Богоевски“, Општина Ресен во вкупна вредност од 36.000.000,00 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност од 720.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- За изградба 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година;

- За изградба 15.990.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 88.000,00 денари без ДДВ во 2022 година и

- За изградба 20.000.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 630.000,00 денари без ДДВ во 2023 година.

2.Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 72

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција и адаптација на училишен објект во ООУ Карпош, с.Љубодраг, Општина Куманово, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција и адаптација на училишен објект во ООУ Карпош, с.Љубодраг, Општина Куманово и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за реконструкција и адаптација на училишен објект во ООУ Карпош, с.Љубодраг, Општина Куманово во вкупна вредност од 3.008.070,00 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност од 56.550,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за изградба 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година и

- за изградба 2.998.070,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 54.550,00 денари без ДДВ во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за промена на Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција кров и громобранска инсталација во ООУ ,,Тоше Велков Пепето'', Општина Кавадарци, како и Услуги за вршење стручно-технички надзор при Реконструкција кров и громобранска инсталација во ООУ ,,Тоше Велков Пепето'', Општина Кавадарци и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за Реконструкција кров и громобранска инсталација во ООУ ,,Тоше Велков Пепето'', Општина Кавадарци во вкупна вредност од 8.838.000,00 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност од 45.123,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- За изградба 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година и

- За изградба 8.828.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 43.123,00 денари без ДДВ во 2022 година.

2.Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 74

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за промена на Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на дел од објект (стар дел) во ПОУ „Лирија“, с.Бузалково, Општина Велес, како и Услуги за вршење стручно-технички надзор при Реконструкција на дел од објект (стар дел) во ПОУ „Лирија“, с.Бузалково, Општина Велес и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за набавка/изградба на Реконструкција на дел од објект (стар дел) во ПОУ „Лирија“, с.Бузалково, Општина Велес во вкупна вредност од 5.593.220,34 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност од 43.046,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за изградба 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година и

- за изградба 5.583.220,34 денари без ДДВ и за стручен надзор 41.046,00 денари без ДДВ во 2022 година.

2.Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за промена на Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба и надградба на училишен објект с. Долно Јаболчиште, Општина Чашка, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз доградба и надградба на училишен објект с. Долно Јаболчиште, Општина Чашка и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за промена на Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба и надградба на училишен објект с. Долно Јаболчиште, Општина Чашка, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Доградба и надградба на училишен објект с. Долно Јаболчиште, Општина Чашка.

2. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за Доградба и надградба на училишен објект с. Долно Јаболчиште, Општина Чашка во вкупна вредност од 8.050.847,46 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност од 47.914,20 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

-за изградба 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година и

-за изградба 8.040.847,46 денари без ДДВ и за стручен надзор 45.914,20 денари без ДДВ во 2022 година.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 76

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција и адаптација на објект во СОУ Ристе Ристевски Ричко, Општина Прилеп и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за Реконструкција и адаптација на објект во СОУ Ристе Ристевски Ричко, Општина Прилеп, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција и адаптација на објект во СОУ Ристе Ристевски Ричко, Општина Прилеп, во вкупна вредност од 8.898.305,00 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност 111.229,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година и

- за реконструкција 8.888.305,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 109.229,00 денари без ДДВ во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на фискултурна сала и просторија за физичко воспитување во ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“, Општина Битола, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на фискултурна сала и просторија за физичко воспитување во ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“, Општина Битола и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за набавка/изградба на Реконструкција на фискултурна сала и просторија за физичко воспитување во ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“, Општина Битола, во вкупна вредност од 5.300.000,00 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност од 130.500,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за изградба 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година и

- за изградба 5.290.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 130.500,00 денари без ДДВ во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 78

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на училишен објект во Киро Спанџов-Брко, Општина Кавадарци, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на училишен објект во Киро Спанџов-Брко, Општина Кавадарци и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за Реконструкција на училишен објект во Киро Спанџов-Брко, Општина Кавадарци, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на училишен објект во Киро Спанџов-Брко, Општина Кавадарци, во вкупна вредност од 2.214.602,00 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност 62.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- За реконструкција 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година и

- За реконструкција 2.204.602,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 60.000,00 денари без ДДВ во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на санитарни јазли во ООУ „Ванчо Прке" Општина Делчево и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за набавка/изградба на Реконструкција на санитарни јазли во ООУ „Ванчо Прке" Општина Делчево во вкупна вредност од 5.746.459,49 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност од 111.549,15 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

-За изградба 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година и

-За изградба 5.736.459,46 денари без ДДВ и за стручен надзор 109.549,15 денари без ДДВ во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 80

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на училишен објект во ПОУ Гоце Делчев, с.Горни Липовиќ, Општина Конче и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за набавка/изградба на Реконструкција на училишен објект во ПОУ Гоце Делчев, с.Горни Липовиќ, Општина Конче во вкупна вредност од 2.644.714,00 денари без ДДВ и надзор во вредност од 70.210,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 10.000,00 денари без ДДВ и за стручно технички надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година и

- 2.634.714,00 денари без ДДВ и за стручно технички надзор 68.210,00 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на нов училишен објект ПУ во с.Согле, Чашка и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за набавка/изградба на нов училишен објект ПУ во с.Согле, Чашка во вкупна вредност од 4.175.716,40 денари без ДДВ и надзор во вредност од 47.600,00 денари без ДДВ со динамика на плаќање и тоа:

-За изградба 10.000,00 денари без ДДВ и 2.000,00 денари без ДДВ за надзор во 2021 година и

-За изградба 4.165.716,40 денари без ДДВ и 45.600,00 денари без ДДВ за надзор во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за изведување на градежни работи за адаптација и пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова“ во Дом за стари лица во Општина Пробиштип и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да го предаде објектот во владение на Општина Пробиштип во рок од 30 дена, со записник за примопредавање и констатирана фактичка состојба со цел Општина Пробиштип да преземе мерки за обезбедување на градбата се до почеток на градежните активности во врска со дозавршување на објектот.

2. Се препорачува на Општина Пробиштип да изработи нова проектна документација за изведба на незавршени градежни работи, во насока на продолжување на отпочнатите градежни активности за адаптација и пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова“ во Дом за стари лица во Општина Пробиштип и со тој проект да аплицира во Министерството за труд и социјална политика.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за труд и социјална политика за настанатите проблеми во изведувањето на градежните работи за адаптација и пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова“ во Дом за стари лица во Општина Пробиштип и неможноста за завршување поради недостатоците на овој проект да процесуира соодветна пријава до надлежна институција за проектантското биро кое го проектирало истиот.

## Точка 83

Владата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева и Дејан Николовски, државни советници во Министерството за финансии.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за промена на Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на нов училишен објект во населба Визбегово, Општина Бутел и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2022 година на Министерството за образование и наука за изградба на нов училишен објект во населба Визбегово, Општина Бутел во вкупна вредност од 90.331.197,50 денари без ДДВ и за набавка на стручен надзор во вкупна вредност од 112.500,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

-За изградба 10.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 2.000,00 денари без ДДВ во 2021 година,

-За изградба 30.231.197,46 денари без ДДВ и за стручен надзор 50.000,00 денари без ДДВ во 2022 година и

-За изградба 60.090.000,00 денари без ДДВ и за стручен надзор 60.500,00 денари без ДДВ во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за конституирање на Комитет за преговори и Преговарачкиот тим за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (Делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија и согласно расправата на седницата ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за конституирање на Комитет за преговори и преговарачкиот тим за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (Делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија.

2. Формира Комитет за преговори за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (Делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија со следниве членови: првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, министерот за финансии, министерот за животна средина и просторно планирање, министерот за труд и социјална политика, министерот за економија, министерот за транспорт и врски, директорот на Јавното претпријатие за државни патишта и претставник од најголемата опозициска партија во Собранието на Република Северна Македонија.

Согласно ова, а имајќи ја предвид расправата на седницата Министерството за транспорт и врски, во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви соодветен акт, кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата (во кој помеѓу другото да се предвиди рок од 60 дена, во кој Комитетот ќе избере преговарачки тим).

Истовремено, Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да ги извести Собранието на Република Северна Македонија и најголемата опозициска партија дека е формиран Комитет, во чиј состав е и претставник од најголемата опозициска партија во Собранието, со барање за номинација на член.

**Точка 86**

Владата го разгледа Барањето на Турхан Сердар Баџаксиз, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата со пропратната документација во врска со подготвителните активности од Втората фаза на конкурентен дијалог за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Комисијата за спроведување на постапката за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија да ја продолжи Втората фаза од конкурентниот дијалог врз основа на изготвената предлог документација со квалификуваните кандидати од Првата фаза на дијалогот се додека не најде едно или повеќе решенија кои можат да ги исполнат неговите потреби за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија.

**Точка 88**

Владата го разгледа Барањето на Мехмет Серхан Баџаксиз, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 89**

Владата го разгледа Барањето на Сезаи Баџаксиз, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр.143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 со број 02-5784/1 од 1.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 2.9.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот, најмалку до 2.11.2022 година.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за измена и дополнување на Одлуката за одобрување средства од Буџетот на Република Северна Македонија, од 30 јули 2021 година, со арх. бр. 40-8323/1, а која се однесува на финансиска поддршка на туристички агенции, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за измена и дополнување на Одлуката за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на: Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна; Останати услуги за подготвување и служење на храна; Подготовка и послужување на пијалаци, со Предлог – одлука и табеларен приказ, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата за предвремена примена на Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија, од една страна, и Европската Унија, од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Програмата Еразмус+Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија, од една страна, и Европската Унија, од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Програмата Европски корпус на солидарност, Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија од една страна и Европската Унија, од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Креативна Европа 2021–2027, Рамковна програма на Унијата за поддршка на културната разновидност и за зајакнување на конкуретноста на културните и креативните сектори и Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија, од една страна и Европската Унија, од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Програмата на Унијата Хоризонт Европа-Рамковната програма за истражување и иновации, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

- Одлуката за предвремена примена на „Меѓународниот договор помеѓу Република Северна Македонија, од една страна и Европската Унија од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Програмата Еразмус+;

- Одлуката за предвремена примена на „Меѓународниот договор помеѓу Република Северна Македонија, од една страна и Европската Унија од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Програмата Европски корпус на солидарноста;

- Одлуката за предвремена примена на „Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија од една страна и Европската Унија, од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Креативна Европа 2021 – 2027“, Рамковна програма на Унијата за поддршка на културната разновидоност и за зајакнување на конкуретноста на културните и креативните сектори и

- Одлуката за предвремена примена на „Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија од една страна и Европската Унија од друга страна, за учество на Република Северна Македонија во Програмата на Унијата Хоризонт Европа-Рамковната програма за истражување и иновации“, со заклучок текстот на истите (четири одлуки) номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**d-r Artan Grubi**